Предлог

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 53 став 6 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на 67-та седница одржана на ден __.08.2025 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност за формирање паралелки**
**со помал број на ученици за учебната 2025/2026 година**
**на ООУ „Рајко Жинзифов“ Г.Оризари, Велес**

1. Со ова Решение се дава согласност на ООУ „Рајко Жинзифов“ Г. Оризари, Велес да формира паралелки со помал број на ученици за учебната 2025/2026 година и тоа:

- 1 паралелка во I одделение со 12 ученици
- 1 паралелка во III одделение со 14 ученици
- 1 паралелка во V одделение со 19 ученици
- 1 паралелка во VII одделение со 17 ученици
- 1 паралелка во VIII одделение со 19 ученици.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Даниел Јаневски с.р

**Образложение**

До Општина Велес од страна на ООУ „Рајко Жинзифов“ Г.Оризари, Велес доставено е барање за добивање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во учебната 2025/2026 година.

Општина Велес се обрати со барање со арх.бр.08-3665/7 од 25.07.2025 година и Ургенција со арх.бр.08-3665/8 од 15.09.2025 година до Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, Сектор за основно образование, за добивање на позитивно мислење.

Согласно член 53 став 6 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25): „Паралелка може да се формира и со помалку од 20 ученици по добиена согласност од основачот“.

Врз основа на горенаведеното, а со оглед на тоа што бројот на запишани ученици е помал од законски предвидениот минимум за формирање на паралелка, се предлага ова Решение до Советот на Општина Велес.

ООУ„Рајко Жинзифов“ Г.Оризари, Велес

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
РАЈКО ЖИНЗИФОВ
REPUBLIKA SJEVERNA MAKEDONIJA
OPŠTINSKA OSNOVNA ŠKOLA
RAJKO ŽINZIFOV
Бр. / Br. 02-320/2
16.07 2025 год. / god
Горно Оризари-Велес / Gornje Orizare-Veles

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Примено: 17-07-2025

| Орг. един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
|---|---|---|---|
| 25- | 3711/1 | 1 | |

До
Совет на Општина Велес

**Предмет: Барање согласност за формирање и функционирање на паралелки со помал број на ученици во учебната 2025/2026 година**

ООУ„Рајко Жинзифов“ Г.Оризари, Велес Ви доставува барање за добивање на согласност од Ваша страна за формирање и функционирање на паралелки со помал број ученици во I, III, V, VII и VIII одделение во учебната 2025/2026 година согласно Законот за основно образование.

1. **Паралелки со број на ученици во учебната 2025/2026 година**

| **Одделение** | **Вкупен број на ученици** | **Број на паралелки** | **Согласност од основачот** |
|---|---|---|---|
| I | 12 | 1 | |
| II | 21 | 1 | |
| III | 14 | 1 | |
| IV | 22 | 1 | |
| V | 19 | 1 | |
| VI | 23 | 1 | |
| VII | 17 | 1 | |
| VIII | 19 | 1 | |
| IX | 20 | 1 | |

Доставено до:
- Совет на Општина Велес
- Архива

Г.Оризари, Велес
16.07.2025

ВД Директор
Тања Николова